РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ

Царинската управа на Република Македонија воспоставува Политика за безбедност на информации како основа на систем за управување со безбедност на информации кој треба да обезбеди доверливост, интегритет и достапност на податоците кои се однесуваат на нејзиното работење. Опсегот на системот за управување со безбедност на информации е податочниот центар на Царинската управа, вклучувајќи ги сите ИТ процеси поврзани со ИТ безбедноста и заштитата, апликациите, податоците и ИКТ системите кои се поставени во податочниот центар на централната локација на Царинската управа во Скопје.

Целите на системот за управување со безбедност на информациите се во насока да обезбедат остварување на визијата на Царинската управа, односно да стане и остане најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, и истите вклучуваат:

- Обезбедување достапност, оперативност и континуитет на сите критични системи неопходни за непречено изведување на бизнис процесите на Царинската управа;
- Минимизирање на губење на податоци на Царинската управа, како и минимизирање на губење на кориснички податоци;
- Минимизирање на штетите предизвикани од можни безбедносни инциденти;
- Заштита согласно релевантната законска регулатива во Република Македонија.

Системот за управување со безбедност на информации обезбедува механизми кои имаат за цел да спречат уништување (губење), компромитирање, злоупотреба и истекување на информациите, во било која форма и медиум.

Системот за управување со безбедност на информациите се состои од сет од документирани правила, како и техничка инфраструктура и контроли врз системите кои ги складираат и процесираат информациите. Раководството на Царинската управа се обврзува овој систем постојано да го следи, анализира и унапредува во чекор со тековните потреби за обезбедување на високо ниво на безбедност на информациите, а согласно меѓународно признатите стандарди за информациона безбедност и управување со ризици.

Безбедноста на информациите во Царинската управа се спроведува преку:

- Следење и примена на меѓународно признати најдобри практики и светски стандарди имплементирани во царинските ИТ системи.

- Следење и примена на законска регулатива на Република Македонија, поврзана со безбедноста на информациите, како што се класифицирани податоци, заштита на лични податоци, заштита при работењето итн.
- Редовна проценка на ризиците кои може да доведат до загрозување на доверливоста, интегритетот и достапноста на информациите, и преземање контроли и мерки за нивно елиминирање или сведување на прифатливо ниво.
- Контрола на пристапот до информациите со цел да се обезбеди достапност само на оние на кои им е наменета.
- Навремено пријавување, откривање и справување со инциденти и слабости во безбедноста на информациските системи, како и редовни тестирања на опремата и информацискиот систем за ранливости кои можат да се појават како од внатрешен, така и од надворешен фактор.
- Обезбедување на деловен континуитет во работењето, за критичните процеси на Царинската управа.
- Постојано градење на свесност кај вработените во врска со безбедноста на информациите, како и градење на потребни компетенции за одржување и унапредување на безбедноста.
- Примена на дополнителни политики, упатства и правила во секојдневното работење на Царинската управа кои ја поддржуваат, надополнуваат и комплетираат оваа политика како што се политика за пристап, политика за правилна примена на средствата итн.
- Континуирани објективни проверки на безбедноста на информациите.
- Офицерот за безбедност за информации ќе ги координира сите активности на системот за управување со безбедност на информациите и ќе доделува одговорности поврзани со безбедноста на информациите кај другите вработени.

Политиката е воспоставена од страна на раководството на Царинската управа и се применува на сите локации и средства на Царинската управа.

**Директор,**
**Наташа Радеска Крстевска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

Бр.02-079715/15-0001
Скопје, 02.11.2015
03 -11- 2015